ДНЕВНИК

MD, 7.4.'99, 12

# Уметност без заштита

## *Цртички од културниот живот во Македонија минатата недела*

РЕЧИСИ зачмаената недела, во која сите цивилни проблеми беа второстепени во споредба со важноста на воената криза во Југославија и, особено, со последиците од неа што така страотно н" притискаат, наеднаш се разбуричка околу причините за неучеството на Македонија на Венецијанското биенале. Проектот "Шлем - уметноста како заштита" или "Крајот на векот", како што го знаевме до пред некој ден, на скулпторот Петар Хаџи Бошков нема да патува на оваа реномирана ликовна манифестација.

Според првите неофицијални најави, Министерството поради рестриктивниот буџетски дел наменет за култура, нема можности да го спонзорира заминувањето на "Шлемот..." во Венеција. Според другите официјални изјави, културниот естаблишмент се надева дека Македонија ќе учествува на оваа најстара ликовна манифестација во нејзиното наредно издание во услови на мир. А, според третата варијанта, свој дел од вината има и вмешувањето на Музејот за современа уметност, кој, паралелно со предложениот, национален проект, преговарал со организаторите во Венеција, Македонија да учествува со уште еден проект, чиј носител би била оваа институција.

Како и да е, најголемата штета е веќе сторена - Македонија нема да учествува ниту со поскапата варијанта "Крајот на векот", ниту со поевтината "Шлем, уметноста како заштита". Дури ни уметноста не успеа да се заштити од, се надевам, привремениот крај на интересот за поубавите страни на животот.

СКУЛПТОРОТ Петар Хаџи Бошков, толкувајќи ја настанатата венецијанско - македонска ситуација, го искажа своето жалење, велејќи за "Македонија денес": "А, состојбите се такви што сите би требало да се сокриеме под шлемот на уметноста....".

Ние се сокривме под шлемот на туѓата војна и на "македонскиот синдром". Причините беа на друго место.

ДЕНОВИВЕ, стана вистинска уметност способноста да се задржи духот и смислата за хумор во овие мрачни и проблематични времиња. Поради зачестената фрекфенција на прикажување партизански филмови на "ТВ96", скопјани, деновиве, потврдија дека се уште го одржуваат духот на пристојно ниво, исфрлајќи ја во оптек својата теза зошто НАТО не се решава да испрати копнени сили во Југославија.

Зашто, Бата Живоиновиќ и Љубиша Самарџиќ се с" уште живи!

**J.Франговска**